**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

**УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ**

*02.03.2018*

# ИЗГЛЕДИ ЗА ВРЕМЕТО ВО МАКЕДОНИЈА

# ВО ПРОЛЕТ 2018 ГОДИНА

Според прогностичките материјали кои УХМР ги превзема од Европскиот Центар за Среднорочна Прогноза на Времето (ECMWF) во Рединг и Виртуелниот Центар за Климатски Промени за Југоисточна Европа (SEEVCCC), а врз основа на стручните анализи и методи кои се применуваат во Секторот за метеорологија се очекува дека **пролетта 2018 во Македонија ќе биде умерено топла и врнежлива во рамките на просекот.**

Сезонскиот изглед на времето за период март, април, мај 2018 покажува дека постои поголема веројатност за нешто повисоки температури на воздухот од просечните. Количината на врнежи оваа пролет се очекува да биде во рамките на просекот.

Долгорочните прогнози кои ги прават во поголемите истражувачки центри и метеоролошки служби за подрачјето на нашата држава исто така покажуваат позитивно одстапување на сезонската температура од многугодишниот просек и врнежи во рамки на просекот.

Просечните сезонски температури за пролет (период 1981-2010година) во Македонија се движат од 6,2°C во Маврово и Лазарополе до 14,1°C во Гевгелија. Измерените врнежи се движат во граница од 118,7mm во Скопје до 251,6mm во Лазарополе.

Сезонските изгледи за летниот период во овој момент предвидуваат просечно топло лето и сушна сезона со врнежи под просек. Секако, Секторот за метеорологија ќе ги надгледува евентуалните промени на глобалните промени на ENSO осцилациите кои би можеле да условуваат промени и на локално ниво и навремено ќе информира.

Изработил:
Александра Стевков
Сузана А. Моневска

Одобрил:
Нина Алексовска

**Директор,**

**в.д. м-р Ивица Тодоровски**